# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА, ЗА СЛЕДНИВЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ: ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА (шифра 51000) и ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ (шифра 51005), НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 12.2.2019 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за следниве наставно-научни области: општа психологија (шифра 51000) и психологија на образование и воспитување (шифра 51005), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVIII редовна седница одржана на 6.3.2019 година, определи Комисија во состав: ***проф. д-р Виолета Арнаудова, проф. д-р Елена Ачковска Лешковска и проф. д-р Огнен Спасовски***.

По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија му го поднесува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: општа психологија (шифра 51000) и психологија на образование и воспитување (шифра 51005), се пријави само д-р Филип Сулејманов.

Кандидатот заедно со пријавата достави: кратка биографија со фотокопија од одлуката за избор во наставно-научно или соработничко звање, доказ за стекнат соодветен степен на образование - доктор на науки, доказ за познавање на англиски јазик, изјава за исполнување на општите и посебните услови за работното место, доказ за општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение), доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (Уверение од Основен суд 1-Скопје), список на објавени научни и стручни трудови, по еден примерок од трудовите, пополнети Образец 1 и Образец 2.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Филип Сулејманов е роден на 5.5.1986 година, во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во родниот град. Во 2009 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за психологија (со просечен успех 8,86), на тема *Стилови на хумор, социјална и емоционална осаменост*. Вториот циклус студии го завршил на Институтот за психологија во 2012 година (со просечен успех 8,75), со одбрана на магистерскиот труд со наслов *Барањето побуда и либералниот стил на мислење како предиктори за доживување хумор кај студенти*. На докторски студии при Институтот за психологија, на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот се запишал во 2014 година, а во 2018 година ја одбранил докторската дисертација со наслов *Отвореноста кон искуства, барањето сензации, потребата за затворање и проценката на структурните димензии на хуморот: структурно равенски модел*, и се стекнал со академски назив - доктор по психолошки науки (со просечен успех во текот на студиите 9,37).

По дипломирањето, во периодот јануари - јуни 2013 година, кандидатот работел како наставник по психологија во *Anglo American School*, Скопје. Во периодот 2010 – 2012 година, бил ангажиран како демонстратор на Институтот за психологија. Од 2013 година, кандидатот работи како помлад асистент, а од 2015 година како асистент-докторанд, на Институтот за психологија. На анкета спроведена од интернет - порталот *Факултети*, избран е од страна на студентите за најинспиративен асистент на Филозофскиот факултет. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Д-р Филип Сулејманов наставно-образовната дејност ја изведувал преку вежби по повеќе предмети на додипломските студии на матичниот Институт за психологија, но и на други институти од Филозофскиот факултет. Кандидатот реализира вежби од повеќе предмети од наставно–научните области општа психологија (Вовед во психологија, Психологија на перцепција, Емоции и мотивација, Сознајни процеси, Општа психологија) и психологија на образование и воспитување (за студентите од Филозофскиот и Природно-математички факултет). Активностите што се дел од наставно-образовната дејност, а кои се релевантни за изборот, наведени се во Анекс 2 (консултации со студенти, член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа, изработен пакет материјали за предметите: Вовед во психологија, Психологија на перцепција, Емоции и мотивација, Сознајни процеси).

Според член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Филип Сулејманов од делот наставно-образовна дејност остварил **76,5** поени, и со тоа повеќекратно го надминал минималниот број поени (20) што е неопходно да ги оствари за да биде избран во звањето доцент по оваа основа.

### Научно - истражувачка дејност

Во рамките на научно - истражувачката дејност, д-р Филип Сулејманов како автор или коавтор има објавено вкупно 8 труда, во домашни и меѓународни списанија. Трите подолу наведени и анализирани трудови се со оригинални научни резултати, објавени се во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет.

**Sulejmanov, F.** (2018). The relation of humor structure appreciation with sensation seeking and judgments of complex-abstract art and sophisticated music. *Psihologija, 51*(2), 229-241.

Во трудот се истражува поврзаноста меѓу проценката на хуморот, барањето сензации и доживувањето на комплексни апстрактни слики и софистицираната музика. Резултатите покажуваат дека барањето сензации е негативно поврзано со проценката на аверзивноста на *бесмислениот* хумор, додека допаѓањето на комлексни апстрактни слики е негативно асоцирано со комичноста на проценките на хуморот *разрешување на неконгруентност*, а, пак, позитивно со индексот на преферирање структура. Понатаму, проценката на аверзивноста на хуморот *разрешување на неконгруентност* негативно е поврзана со допаѓањето на софистицирана музика. На крај, се посочува и дека проценките во однос на допаѓањето на комплексни апстрактни слики се позитивно поврзани со проценките во однос на допаѓањето на софистицирана музика.

**Sulejmanov, F.**, Spasovski, O., Platt (2018). The development of the Humour Structure Appreciation Scale and its relation to Sensation Seeking Inventory and Need for Closure Scale, *European Journal of Humour Research 6 (1)* 124–140.

Авторите го презентираат развивањето на Скалата за проценка на структурата на хуморот, преку поврзаноста со истражувањето на индивидуалните разлики и поврзаноста во поглед на проценката на хуморот, барањето сензации и потребата за затворање (когнитивно затворање на ситуации со нејасни стимули). Резултатите покажуваат дека скалата има задоволителни психометриски карактеристики и тие се конзистентни со наодите во светската литература во поглед на одвоеноста на димензиите *разрешување на неконгруентност* и *бесмислен хумор*.

**Sulejmanov, F.** & Renner, K.-H. (2017). Development and Initial Validation of the Single-Item Wittiness Scale: A Preliminary Study. *Israeli Journal for Humor Research, 1*, 54 – 66.

Во овој труд, авторите имаат цел изработка и првична валидација на Скалата за духовитост, која е составена од еден ајтем. Духовитоста е дефинирана како специфичен

вид на продукција на хумор, составена од два процеси, односно од *флуентност* и *успешност* на продукцијата. Според резултатите, самостојната проценка на духовитоста е позитивно поврзана со проценката од страна на врсниците. Машките испитаници имале повисока проценка за духовитоста од страна на врсниците, во однос на женските. Поврзаноста со останатите конструкти вклучени во истражувањето (*хистрионичкиот самоприкажувачки стил* и *катагеластицизмот*) делумно ја потврдуваат конструкт валидноста на скалата.

Во коавторство, кандидатот објави еден труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (**Sulejmanov, F.**, Spasovski, O. (2017). Psychometric properties of the Macedonian version of the Implicit Positive and Negative Affect Test (IPANAT–M). *Review of Psychology*, 2017, Vol. 24, No. 1-2, 39-44, Naklada Slap).

Во трудот се анализираат особините на македонската верзија на Тестот на имплицитни позитивни и негативни афекти и се констатира дека инструментот има задоволителни психометриски карактеристики и може да се применува во истражување на емоционалните состојби и особини во различни поврзани контексти.

Во коавторство, кандидатот објавил труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (**Sulejmanov, F.** & Sterjovska, M. (2016). *Reversal Theory meets Time Perspectives: Examining the Relations between Paratelic Dominance Scale and Zimbardo's Time Perspectives Instrument*. Proceedings of the International Conference on Theory and Practice on Psychology (pp.483 – 499). Skopje, Macedonia). Во трудот се поврзуваат Скалата за *paratelic* доминантност и Зимбардовиот инструмент за временска перспектива. Резултатите, кои се однесуваат на поврзаност и линеарна регресија меѓу супскалите на скалата за *paratelic* доминантност и двете користени супскали од Зимбардовиот инструмент за временска перспектива (*хедонистичка сегашност* и *иднина*), покажуваат теоретски конзистентни релации меѓу конструктите.

Во коавторство, кандидатот објавил труд со оригинални научни резултати, во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (**Сулејманов, Ф.** и Спасовски, О. (2015). Проверка на психометриските карактеристики на Скалата на потреба за затворање. *Психологија: Наука и практика*, 43-55, Скопје: Филозофски факултет). Во овој труд е направена проверка на психометриските карактеристики на Скалата на потреба од затворање (Need for Closure Scale). Конструктот потреба од затворање се однесува на потребата од когнитивно (сознајно) затворање. Скалата има задоволителна внатрешна хомогеност, при што еднофакторското решение е потврдено со употреба на паралелна анализа. Во дискусијата се разгледани недостатоците на спроведеното истражување и се дадени препораки за натамошни истражувања. Добиените резултати посочуваат на меѓукултурна (во смисла и на македонска популација) потврда на конструктот потреба од затворање.

Два од објавените трудови се објавени во зборник на трудови на в.о. установа. Во првиот труд (**Сулејманов, Ф.** (2014). Концептуализација и справување со стресот: Перспектива на реверзибилната теорија. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 67*, 127-138), е даден приказ на гледиштето на реверзилилната теорија за стресот. Објаснети се главните постулати на теоријата, односно т.н. *метамотивациски модови* на функционирање и концептот на *доминантност*, а потоа разгледани се неколку емпириски студии кои се однесуваат на разликите во доживувањето на стресот во зависност од доминантната метамотивациска состојба. На крајот, дадени се концептуалните дефиниции за четирите вида на стрес и различните можности за справување.

Во вториот труд (Арнаудова, В. и **Сулејманов, Ф.** (2010). Стилови на хумор, социјална и емоционална осаменост. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 63*, 165-177), авторите имаат за цел да утврдат дали постои поврзаност меѓу стиловите на хумор и различните видови на осаменост. Добиените резултати покажуваат дека: постои значајна поврзаност меѓу себе - покрепувачкиот стил на хумор и социјалната осаменост, себе - понижувачкиот хумор и љубовната осаменост и себе - понижувачкиот хумор и семејната осаменост. Анализата и дискусијата на наодите се во светлина на социјалните врски.

Врз основа на податоците прикажани во Анекс 2, Комисијата констатира дека д-р Филип Сулејманов учествувал на меѓународни и домашни научно-стручни собири со теми од областа на психологијата на хуморот со пет усни презентации, една постер - презентација и едно пленарно предавање.

Во поглед на научноистражувачката работа, може да се констатира дека кандидатот д-р Филип Сулејманов, според член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, остварил **38,5** поени, и со тоа го надминал минималниот број поени (20) што се неопходни за избор во звањето доцент по оваа основа.

**Стручно-апликативна дејност**

Во изминатиот период, д-р Филип Сулејманов покажал соодветен ангажман и во однос на стручно-апликативната дејност. Во оваа сфера ги издвојуваме следниве активности: стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик – книга: Elizabeth A. Styles, Психологија на вниманието, учествувал во промотивни активност на Факултетот: (Отворен ден на Филозофски факултет), одржал предавање на институции од јавен интерес, културно информативни центри, бил технички секретар на списанието „Психологија: Наука и практика".

Од *активностите од поширок интерес* се забележува дека кандидатот два пати бил член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир, член е на повеќе факултетски комисии (пописна, дисциплинска, за техничка обработка на податоци при упис на студенти), а извршувал и задачи на координатор на студиска програма за втор циклус студии (Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности).

Според член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека д-р Филип Сулејманов од стручно-апликативната дејност остварил **9** поени, и со тоа го надминал минималниот број поени (5) што се неопходни за избор во звањето доцент по оваа основа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на работата на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ги вреднува и ги оценува неговите досегашни залагања и постигнувања.

По темелната анализа на сите пристигнати материјали, Комисијата може да констатира дека кандидатот **ги исполнува условите** за избор во звање пропишани во член 166 од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, во врска со член 217, став 2 и член 227 од Законот за високото образование. Во контекст на оценките на Комисијата се и сознанијата дека на анкета спроведена од интернет - порталот *Факулшеши,* д-р Филип Сулејманов беше избран од страна на студентите за најинспиративен асистент на Филозофскиот факултет - податок кој е поткрепен и со евалуацијата направена на Филозофскиот факултет. Во евалуацијата на неговиот ангажман за три предмети (Вовед во психологија, Психологија на перцепција и Психологија во воспитанието и образованието) постигната е просечна оценка 9,68. Но, позитивниот заклучок на Комисијата се темели, пред сè, на остварениот број поени (вкупно 124 поени) за наставно-образовна (76,5 поени), научно - истражувачка (38,5 поени) и стручно-апликативна дејност (9 поени).

Врз основа на изнесените констатации, како членови на Рецензентската комисија имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го избере д-р Филип Сулејманов во звањето **доцент** за наставно-научните области: општа психологија и психологија на образование и воспитување.

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова с.р.**
**Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска с.р.**
**Проф. д-р Огнен Спасовски с.р.**

13.03.2019

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Филип Зоран Сулејманов***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Филозофски факултет, Институт за психологија***
(назив на факултетот/институтот)
**Наставно-научни области:** *ОПШТА ПСИХОЛОГИЈА И ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ*

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __8,86________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ____8,75______<br>Просечниот успех изнесува _____8,81_____за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: ____психологија______, поле___општа психологија___, подрачје____психологија на хумор________. | да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>37. Назив на научното списание: ____ *Psihologija* ______<br>38. Назив на електронската база на списанија:__Scopus_________<br>39. Наслов на трудот: __The relation of humor structure appreciation with sensation seeking and judgments of complex-abstract art and sophisticated music___________<br>40. Година на објава: _____2018________ | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: ____The European Journal of Humor Research______<br>2. Назив на електронската база на списанија:__Scopus_________<br>3. Наслов на трудот: __ The development of the Humour Structure Appreciation Scale and its relation to Sensation Seeking Inventory and Need for Closure Scale_______ | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: _____2018________ | |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: ___The Israeli Journal of Humor Research______<br>2. Назив на електронската база на списанија:__Ebsco_________<br>3. Наслов на трудот: __ Development and Initial Validation of the Single-Item Wittiness Scale: A Preliminary Study ___________<br>4. Година на објава: _____2017________ | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: __Психологија: Наука и практика________<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____7; 1 (Србија); 1 (Италија); 1 (САД), 1 (Бугарија); 1 (Хрватска); 1 (Романија); 1 (Чешка)_____<br>3. Наслов на трудот: _____ Проверка на психометриските карактеристики на Скалата на потреба за затворање ________<br>4. Година на објава: ____2015__________ | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>17. Назив на научното списание: ___Review of Psyhology______<br>18. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД____Хрватска____<br>19. Наслов на трудот: _______ Psychometric properties of the Macedonian version of the Implicit Positive and Negative Affect Test (IPANAT–M)______<br>20. Година на објава: __2017___________ | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ____________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>7. Назив на зборникот: ____Зборник на текстови од Меѓународната конференција за теорија и практика во психологијата___<br>8. Назив на меѓународниот собир: _____ Меѓународна конференција за теорија и практика во психологијата ______ | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 9. Имиња на земјите: _____Македонија, Турција, Швајцарија, Хрватска, Србија, Полска, Бугарија, Чешка, Романија____<br>10. Наслов на трудот: ___ *Reversal Theory meets Time Perspectives: Examining the Relations between Paratelic Dominance Scale and Zimbardo's Time Perspectives Instrument* __________<br>11. Година на објава: ________2016_____ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>49. Странски јазик:_____англиски__________<br>50. Назив на документот:____Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International (Preliminary)_____<br>51. Издавач на документот: _CAMBRIDGE ENGLISH Language Assessment, Part of the Universtity of Cambridge________<br>52. Датум на издавање на документот: ____March 2015______ | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Филип Зоран Сулејманов**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филозофски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Наставно-научни области: општа психологија и психологија во образованието и воспитанието**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Назив на активноста: | Поени |
|---|---|
| Одржување вежби[7] | 63 |
| Консултации со студенти[8] | 3.5 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (60) | 6 |
| Пакет материјали за одреден предмет (Вовед во психологија; Психологија на перцепција; Емоции и мотивација; Сознајни процеси) | 4 |
| | |
| **Вкупно** | **76,5** |

## НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Назив на активноста: | Поени |
|---|---|
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет:<br>**Sulejmanov, F**. (2018). The relation of humor structure appreciation with sensation seeking and judgments of complex-abstract art and sophisticated music. *Psihologija, 51*(2), 229-241. | 5 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет:<br>**Sulejmanov, F**., Spasovski, O., Platt (2018). The development of the Humour Structure Appreciation Scale and its relation to Sensation Seeking Inventory and Need for Closure Scale, *European Journal of Humour Research 6 (1)* 124–140 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:<br>**Sulejmanov, F**., Spasovski, O. (2017). Psychometric properties of the Macedonian version of the Implicit Positive and Negative Affect Test (IPANAT–M). *Review of Psychology*, 2017, Vol. 24, No. 1-2, 39-44, Naklada Slap | 4,5 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет:<br>**Sulejmanov, F.** & Renner, K.-H. (2017). Development and Initial Validation of the Single-Item Wittiness Scale: A Preliminary Study. *Israeli Journal for Humor Research, 1*, 54 – 66. | 4,5 |
| Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: | 4,5 |

[7]Ангажираноста со вежби во учебните 2013/14 до 2018/19 е пресметана за 16 часа неделно вежби во зимскиот и 12 часа неделно вежби во летниот семестар;
[8]Бројот на студенти за консултации е 350 во година во просек. 350*0.002*5 години =3.5;

| | |
|---|---|
| **Sulejmanov, F.** & Sterjovska, M. (2016). *Reversal Theory meets Time Perspectives: Examining the Relations between Paratelic Dominance Scale and Zimbardo's Time Perspectives Instrument*. Proceedings of the International Conference on Theory and Practice on Psychology (pp.483 – 499). Skopje, Macedonia. | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: **Сулејманов, Ф.** и Спасовски, О. (2015). Проверка на психометриските карактеристики на Скалата на потреба за затворање. *Психологија: Наука и практика*, 43-55, Скопје: Филозофски факултет. | 4,5 |
| Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа: **Сулејманов, Ф.** (2014). Концептуализација и справување со стресот: Перспектива на реверзибилната теорија. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 67,* 127-138. | 2 |
| Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа: Арнаудова, В. и **Сулејманов, Ф.** (2010). Стилови на хумор, социјална и емоционална осаменост. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 63,* 165-177. | 2 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација: Winter Workshop: Workplace humor, Zurich, Switzerland, January 7–8, 2019. | 1 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација: International Scientific Psychology Conference, Zagreb, Croatia, April 6–8, 2017. | 1 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација: 13th European Conference of Psychological Assessment, Zurich, Switzerland, July 22–25, 2015. | 1 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација: International Conference on Theory and Practice in Psychology, Skopje, Macedonia, October 20–1 November, 2014. | 1 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација: International Summer School and Symposium on Humour and Laughter: Theory, Research and Applications, Germany, Magdeburg, July 22–27, 2013. | 1 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат – постер - презентација: International Society of Humor Studies Conference, Utrecht, the Netherlands, July 7–11, 2014. | 0,5 |
| Пленарно предавање на научен стручен собир: First International Conference for Psychology Students, Skopje, Macedonia, September, 27-29, 2013. | 2 |
| | |
| **Вкупно** | **38,5** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|
| Учество во промотивни активност на Факултетот: Отворен ден на Филозофски факултет | 0,5 |
| Предавање на институции од јавен интерес, културно информативни центри: | 0,5 |

| | |
|---|---|
| Психологија на хуморот: The Humor Code, 2 април 2018 година, ГЕМ - клуб „Менада“, настан организиран од ПСИХЕСКО (Здружение на студенти по психологија) | |
| Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик – книга: Elizabeth A. Styles, Психологија на вниманието; | 1 |
| Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик – статија/научен труд: Технички секретар на списанието „Психологија: Наука и практика[9]“ | 2 |
| | |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | |
|---|---|
| | |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: *International Conference on Theory and Practice in Psychology*, Skopje, Macedonia, October 20–1 November, 2014; *Psychology for All*, Ohrid, Macedonia, September 26-28, 2019 | 1+1=2 |
| Студиски престој во странство – до три месеци: Middlesex University, London, April, 2009 | 0,5 |
| Член на факултетска комисија: Пописна комисија; Дисциплинска комисија; Комисија за техничка обработка на податоци при упис | 0,5+0,5+0,5 =1,5 |
| Координатор на студиска програма: Менаџмент на човечки ресурси | 1 |
| | |
| **Вкупно** | **9** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ: ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **76,5** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38,5** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9** |
| **Вкупно** | **124** |

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова с.р.**
**Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска с.р.**
**Проф. д-р Огнен Спасовски с.р.**

[9] Бодовите се пресметани на следниов начин: 8 научни статии издадени во списанието „Психологија: Наука и практика“, Година II, Број 3, 2018 година, помножено со бодовите за секоја статија (0,25).

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-99/14
Датум: 05-06-2019
СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од *И - Образец 6*
Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот
совет на Филозофскиот факултет на **XXI** редовна седница одржана на **5.VI 2019 год,** ја
донесе следнава

## ОДЛУКА
### за избор во наставно-научно звање

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1192 од 15.V 2019 година за избор на д-
р **Филип Сулејманов** во наставно-научно звање **доцент**, за следниве наставно-научни
области: Општа психологија (шифра:51000) и Психологија на образование и воспитување
(шифра:51005).

2. Се избира **д-р Филип Сулејманов** во наставно-научно звање **доцент**, за следниве
наставно-научни области: Општа психологија (шифра:51000) и Психологија на
образование и воспитување (шифра:51005).

Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е
избран, сметано од 5.VI 2019 година.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Филип Сулејманов** се избира во наставно-научно звање **доцент, за време од
пет години.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по
назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во
весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 12.II 2019 година, се пријави: д-р Филип
Сулејманов.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-99/12 од
05.IV 2019 год., беше предложен кандидатот д-р Филип Сулејманов за избор во наставно-
научно звање доцент.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 5.VI 2019 година
го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе
одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуван, досието, Одделението
за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и
општи работи и архивата на Факултетот.

**ДЕКАН**
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

изработил: Ана Ј. Иванова